# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работењето на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје
## во 2021 година

**Вовед**

Одборот на директори, како орган на управување на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје, согласно со Законот за трговските друштва должен е на крајот на секоја деловна година да презентира годишен извештај за работењето на Друштвото. Во годишниот извештај органот на управување треба објективно да ги прикаже и да ги објасни главните фактори кои влијаеле на работењето на Друштвото, вклучувајќи ги промените во окружувањето и сл.

**Дејност**

Приоритетна дејност што ја обавува ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп. Друштвото остварува приходи и од трговија на големо со градежен материјал, санитарна опрема и дрва.

**Макроекономски и пазарни услови во кои работеше Друштвото во 2021 година**

Општите услови за работење во текот на 2021 година беа влошени во однос на условите за работење во претходната година поради последиците предизвикани од ковид пандемијата и поради зголемената цена на енергијата. Во текот на 2021 година немаше позначајни промени во прописите што имаат влијание врз работењето на Друштвото.

**Резултати од работењето во 2021 година**

| во илјади денари | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Вкупно оперативни приходи | 2.692 | 6.029 |
| Вкупно оперативни расходи | 5.336 | 8.536 |
| Загуба од работење | -2.644 | -2.507 |
| Финансиски приходи/расходи | -1 | 2.147 |
| Загуба пред оданочување | -2.645 | -360 |
| Данок на добивка | - | -86 |
| Загуба по оданочување | -2.645 | -446 |

Во 2021 година остварена е загуба по оданочување во износ од 2.645 илјади денари, во однос на искажаната загуба од 446 илјади денари во 2020 година.

**Табеларен приказ на приходите од работење**

| во илјади денари | 2021 | 2020 | индекс 2021/2020 | структура 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на стоки и услуги | 23 | 1.727 | 1,33 | 0,85 |
| Приходи од наемнина | 2.568 | 4.066 | 63,16 | 95,39 |
| Приходи од рефактурирани трошоци | 73 | 223 | 32,74 | 2,71 |
| Добивка од продажба на основни средства | - | - | 0,00 | 0,00 |
| Приходи од отпис на обврски | 28 | 13 | 215,38 | 1,04 |
| Останато | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **2.692** | **6.029** | **44,65** | **100,00** |

Во 2021 година приходите од работење се помали од приходите од работење остварени во 2020 година за 55,35%. По ставки, приходите од продажба на стоки и услуги се намалени за 98,67%, приходите од наемнина се намалени за 36,84%, а приходите од рефактурирани трошоци се намалени за 67,26%.

**Табеларен приказ на расходите од работење**

| во илјади денари | 2021 | 2020 | индекс 2021/2020 | структура 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 83 | 23 | 360,87 | 1,56 |
| Набавна вредност на продад. стоки и услуги | 6 | 1.613 | 0,37 | 0,11 |
| Трошоци за вработените | 1.515 | 2.380 | 63,66 | 28,39 |
| Амортизација | 1.238 | 1.238 | 100,00 | 23,20 |
| Трошоци за енергија | 198 | 169 | 117,16 | 3,71 |
| Трошоци за одбор на директори | 900 | 1.489 | 60,44 | 16,87 |
| Отпис на побарувања од купувачи и позајмици | - | 128 | 0,00 | 0,00 |
| Интелектуални услуги | 313 | 422 | 74,17 | 5,87 |
| Судски, адвокатски и нотарски трошоци | 96 | 108 | 88,89 | 1,80 |
| Останати расходи од работење | 987 | 966 | 102,17 | 18,50 |
| **Вкупно** | **5.336** | **8.536** | **62,51** | **100,00** |

Намалување на расходите од работење во 2021 година во однос на 2020 година има кај набавната вредност на продадени стоки и услуги, отпис на побарувања од купувачи и позајмици, трошоците за вработени, трошоците за одбор на директори, трошоците за интелектуални услуги и судските и адвокатски трошоци. Пораст на трошоците има кај потрошените материјали, трошоците за енергија и останатите расходи од работење. Во 2021 година во структурата на расходите од работење најголемо е учеството на трошоците за вработени, трошокот за амортизацијата и трошоците за одборот на

директори. За членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2021 година вкупно се направени трошоци во износ од 900 илјади денари.

**Политика на дивиденди**

Во текот на 2021 Друштвото нема исплатено дивиденди на имателите на обични акции.

Во 2022 година не се планира исплата на дивиденда.

**Откупени сопствени акции**

Со состојба 31.12.2021 година ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје поседува 54.417 сопствени акции или 7,774% од акционерската главнина (54.417 сопствени акции или 7,774% и на 31.12.2020 година).

**Извори на средства на друштвото и**
**односот на долгорочниот долг спрема главнината**

За обавување на својата дејност во текот на 2021 година Друштвото не користеше краткорочни и долгорочни кредити, што значи дека Друштвото не е кредитно задолжено. Во структурата на пасивата капиталот и резервите учествуваат со 98,46% (98,74% на 31.12.2020 година), а тековните обврски со 1,54% (1,26% на 31.12.2020 година).

**Информација за судски постапки**

Со состојба 31 декември 2021 година побарувањето по судска постапка покрената против ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје изнесува 6.150 илјади денари. Раководството на Друштвото редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на судскиот спор. Иако исходот на судската постапка не може да се утврди со сигурност, раководството смета дека од судската постапка нема да произлезат материјални значајни обврски.

април, 2022 година

Извршен генерален директор